Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ____.__.2021 год.,донесе:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2022 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади во 2022 година се:

1. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните,особено младите и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Свети Николе во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Свети Николе во државата и надвор од неа.

| Р. бр. | Активност | Носител | Предвидени средства од Буџетот на Општина Свети Николе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| 1. LO-464990 | Летен Турнир во мал Фудбал | Општина Свети Николе | 180 000 | 180 000 |
| 2 464990 | Турнир во мал Фудбал – с. Мустафино | Општина Свети Николе | 60 000 | 60 000 |
| 3 464990 | Турнир во мал Фудбал – с. Ерџелија | Општина Свети Николе | 60 000 | 60 000 |
| 4- LO 423410 | Меморијален турнир „Александар Серафимов“ | Општина Свети Николе | 50 000 | 50 000 |
| | | **Вкупно I:** | **350 000** | **350 000** |

**II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА и на училишниот спорт**

| Р.бр. | Назив на клубот, здружението<br>Наслов на проектот | Предвидени средства од Буџетот наОпштина Свети Николе |
|---|---|---|
| **СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА (НОСИТЕЛИ)** | | |
| 1.<br>463120 | Здружение на спорт и спортска рекреација Борале<br>*Превентивно (спречување на појава на стрест, зголемен крвен притисок; појава на деформитети, намалување на болести и* | 10 000 |

| | | |
|---|---|---|
| | *зголемена телесна тежина) и корективно (останување на истите)* | |
| 2. | Здружение на детски развојни игри и спорт и спортски активности „Пела спорт – 8“<br>*Шанса за правилен психо – физички раст и развој на секое дете* | 20 000 |
| **УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | |
| 3. | Здружение на училишен спорт Свети Николе<br>*Децата сакаат да спортуваат да им го овозможиме тоа* | 15 000 |
| 4. | УСК Овчепослки Асови<br>*Во здраво тело, здрав дух – да им овозможиме на децата да спортуваат* | 15 000 |
| 5. | УСК Млади Овчеполци<br>*Децата сакаат да спортуваат да им го овозможиме тоа* | 15 000 |
| 6. | УСК Лиска Поток<br>*Децата сакаат да спортуваат да им го овозможиме тоа* | 15 000 |
| **РАКОМЕТ** | | |
| 7. | Младински ракометен клуб КЛ – 7<br>*Учество во ракометната пионерска и кадетска лига во сезоната 2020/2021* | 90 000 |
| 8. | Женски ракометен клуб Овче Поле – Славјански Универзитет<br>*Спорт и спортски активности* | 200 000 |
| **ФУДБАЛ, ФУТСАЛ** | | |
| 9. | Клуб за мал фудбал „Овче Поле 2013“<br>*Унапредување на футсалот и младинските категории во футсал во Општина Свети Николе* | 180 000 |
| 10. | ЗС Фудбалки клуб Овче Поле | 1 200 000 |
| 11. | ФК Овче Поле – Јуниор<br>*Поддршка за активнсотите на* ФК Овче Поле – Јуниор за 2021 | 50 000 |
| 12. | Општински фудбалски сојуз –Свети Николе – Програма за работа на Општински фудбалски сојуз-Свети Николе | 146.000 |
| **КОШАРКА** | | |
| 13. | Младински кошаркарски клуб Овче Поле<br>*Младински кошаркарски клуб Овче Поле во натпреварувачката 2021* | 50 000 |
| 14. | **Кошаркарски клуб Овче Поле Баскет - Вардар**<br>*Учество на КК Баскет Овче Поле во првенство на МКФ сезона 2022/2023* | 50 000 |
| **ЛОВ И РИБОЛОВ** | | |
| 15. | Ловно друштво „Еребица“<br>Одржување на традиционална Ловечка Вечер | 60 000 |
| **КИНОЛОШКО ДРУШТВО** | | |
| 16. | **Здружение на кинолошко друштво Балканец 03**<br>*Доближување на кинологијата до населението од Општина Свети Николе* | 50 000 |
| | **Вкупно II:** | **2.166.000** |

| **Р. бр.** | **Активност** | **Носител** | **Предвидени средства од Буџетот на Општина Свети Николе** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 . LAO-482930 | Реконструкција на трибини на градски стадион 2 фаза | Општина Свети Николе | 1 500 000 | 1 500 000 |
| 2 LAO-482920 | Изградба на соблекувални на Градски стадион Прва фаза | Општина Свети Николе | 2 500 000 | 2 500 000 |
| | | **Вкупно III:** | **4 000 000** | **4 000 000** |
| | | **Вкупно (I+II+III)** | **6.516.000** | **6.516.000** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2022 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

**О б р а з л о ж е н и е**

Вака концепираната Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади овозможува да се задржат активностите што во изминативе неколку години се поддржани од Буџетот на општината.

Во областа на спортот во Програмата се предвидуваат оние спортски манифестации што го оправдаа своето одржување во претходната година, како и оние клубови и здруженија кои се јавија на јавниот повик со свои програми и извештаи,а се со цел транспарентно и правилно доделување на средствата предвидени за областа спорт.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Свети Николе”

**0801- ___**
**___.__.2021г.** — **Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Претседател**

____________________

**Валерија Ивановска**